**ПОВИК БР. 017/2023 – НАБАВКА НА БАНЕР, МАТЕРИЈАЛИ ЗА НАСТАНИ (ПАПКА, ТОРБА, ТЕФТЕР И ПЕНКАЛО) И ПЕЧАТЕЊЕ ВО БОЈА**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија" кој се спроведува во рамките на Програмата СМАРТ БАЛКАН – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, објавува **Повик за набавка на банер, комплети материјали за настан (папка, торба, тефтер и пенкало) и печатење во боја.**

Предмет на набавката се состои од три дела.

**Дел 1** – Изработка на роло банер со димензии 100x200, во боја, по дизајн подготвен од ИСИЕ. **Количина 1 (еден) банер.**

**Дел 2** - Набавка на комплети материјали за настан и тоа торба (Димензии 38 x 42 x 10cm или слична големина, 130g/m2, 100% памук), тефтер (изработен на еко разградлив картон, димензија 180 x 130 x 13mm или слична големина, најмалку 50 листа), папка (изработена на 300г. хартија) и био разградливо пенкало (изработено на еко картон или слично). На производите треба да биде испечатено (вметнато) во боја дизајнот и логото на проектот кои ќе ги достави ИСИЕ до избраниот понудувач. **Количина – 80 (осумдесет) комплети. Цената да биде дадена за комплет.**

**Дел 3** – Печатење во боја. Набавка на услуга за печатење на 500 листови во боја на стандардна А4 хартија (визуелизација на анкета, агенда, листа за присуство). **Количина 500 листови. Цената да биде дадена по лист во боја, еднострано испечатен на А4 формат.**

Цената во понудата за трите делови да биде изразена во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ. Плаќањето ќе биде извршено по соодветна фактура за проекти ослободени од ДДВ.

Рок за завршување на работите: 10 дена од денот на склучување на договорот.
Плаќањето се врши во рок од 45 дена од доставувањето на набавката или нејзин дел односно делови.

**Понудата се доставува на електронската адреса isie@mail.org најдоцна до 20 јуни 2023 г. до 12 часот.**

По завршување на процесот на селекција сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Скопје, 10.6.2023 година